СЛАВЧО КОВИЛОСКИ

# НА НОЖОТ

(На сцената од левата страна се наоѓа голема карпа покрај која поминува козја патека. Од спротивната страна се простира широка лединка. На неа се расфрлени неколку пушки и делови од облека. Во далечината се слушаат истрели од пушки и по некоја детонација на бомба.

Се појавува четник, стегнат во полна воена опрена, прекуг градите префрлени два редeника, без капа, со разбушавена коса. Вознемирен е, диши длабоко и се обидува да остане рамнодушен кон пукотниците кои започнуваат да се слушаат од страна).

ЧЕТНИКОТ (се обѕира на сите страни со пушката во рака, зема длабок здив и си ја брише потта):

Слушате?! Пукаат...

Од сите страни пукаат. Пукаат и не запираат.

Нè навјаса аскерот, полека нè сардисува. Има уште еден премин онаму, погоре, ама... Никој не помислува да даде грб, да бега.

Лето е, паленото. Топло. Јули месец е. Се собраа четите на војводите Мирчо Најденов, Иван Наумов Алабакот, Михаил Чаков, Христо Цветков, Петре Ацев, Тане Николов и останатите. Вкупно 200 души мажи на Никодимската планина. Еве, ондека е селото Ракле, близу до нас. Ех, каква планина распукала над нас. Под нас шумите, ливадите, каква глетка.

Го дишев воздухов и порано. Бев пред два месеца тука, последно. Пролетта писнала, та заблејале овците. Ластовичките и чавките разлетуваат наоколу. Убавина на душата. Само да не е ова. Ова, што прави воздухот да мириса на изгорено, на пеплосано. На барут мириса сега, овој воздухов, стопанка му.

Еej, побратими! За бргу ќе стигнам!

Туку, да побрзам да кажам што имам да кажам, па да одам.

Се собраа војводите да разгледуваат некои прашања поврзани со војувањево, со ропствово, со борбите и со кучињава што сакаат да нè каснат. Да нè гризнат за нога, де. И за шпионите се разговараше. Да, да. Се накотија кучињата кучешки, стопанката нивна кучешка, треба да ги подистребиме малку. Голема сила се собра на планинава, никојпат не сум видел толку многу војводи и четници на едно место. Душава ми се наполни кога видов колкумина зеле пушки в раце за да се борат за слободава на народецов наш. За Македонија.

Е, арно ама, дотрчаа двајца падари и ни кажаа дека голем аскер на чело со Енвер беј тргнал наваму, накај нас. И не само тоа. Туку добивме информации дека и од други

страни доаѓаат турски војски за да нè сардисаат. Дојдоа од Топлица и Тројаци уште двајца и ни рекоа: „Еј, војводи, фаќајте пусија оти и од Мариово доаѓаат“. Демек, аскерот доаѓал. После уште двајца: „Еј, војводи, фаќајте пусија оти и од Велес доаѓаат“. Демек, аскерот доаѓал. Потоа уште двајца: „Од Тиквешко доаѓа аскерот“.

И?

Пак се собраа војводите. Оние што останаа, зошто претходно некои заминаа со четите.

„Што да правиме, браќа“, праша војводата Секула Ораовдолски.

Се погледнуваат под око и решаваат: „Остануваме“. А можеа и да речат: „Се повлекуваме“. Ене, понатака се Мариовскине шуми, а до нив едно тесно патче за Тиквешко. Можеа да речат: „Се повлекуваме“, ама рекоа: „Остануваме“.

Сега, нема бегање. Од сите страни сме сардисани, како глушец во дупка. Покажи ја главата, ќе го видиш мачорот како чека пред порта.

Кога разбравме, пак, за силата на турскиот аскер, неколкумина од нас подмочнаа во гаќите, неколкумина си ги изгризаја ноктите, ама никој не залелека. Мене ми е мака само што двата сина не можат да си го видат татка си ваков, со пушка в рака, решен да се бори со непријателот. Или, подобро е што не можат да ме видат, срцево ќе ми пукнеше ако беа и тие со мене фатени во стапицава што ни ја подготви Енвер беј. Мали се уште. Ама јунаци!

Пред две недели го галам малото и тоа ме прашува:

„Ами, тате, што е ова?“

„Пушка“, му велам.

„Ами, тате, зошто ти е пушка“, ме прашува тоа и ме гледа в очи. Трепка и го голта секој мој збор.

„Со нив, синче“ му велам „пукам по арамиите и по аскерот“.

„Тате, а нели дедо ќе се врати од печалба“ ме прашува пак.

Мене ми се стега нешто во грлото, една солза ме пецнува во оково лево, ама ги стиснувам забите и не покажувам дека ме боли неговото прашање. Што да му одговорам на синчево мое мало, кое ништо не разбира од животот? Вчера процутело цвеќенцево, а денес треба слана да го изгори.

„Да, синче“ му велам „дедо е на печалба, а кога ќе се врати од Влашко, тогаш ќе те носи на панаѓур, в град, на Велигден ново палто ќе ти купи“. Не му кажувам дека Суљо арамијата му ја одраби главата, а цревата му ги истури по нивите Топлички.

***

Пукаат...

Кога се одлучи да се напушти „Ножот“ како место тешко за бранење и одржување на позициите, некои останаа. И јас останав. Војводата напразно ќе нè чека. И нас и костурчаните. И тие решија да останат со нас да се бориме. Тие, на чело со војводите Атанас Попов и Трендафил Думбалаков, решија да се борат и да гинат ако треба.

Па, еве сме денес. 14 јули 1907 година.

Тргнавме горе, да фатиме што подобра позиција, а аскерот нè следи. Како кози се пентариме нагоре. Со раце, со пушки гребеме по земјата, ама се качуваме кон врвот.

Се поделивме на неколку групи за полесно да се движиме и според договорот требаше да се најдеме цврсто за-барикадирани од сите страни. Ама, згрешивме изгледа. Хм...

Од онаму е повисоко и од таму ќе можат да нѐ гаѓаат. И нѐ гаѓаат. Нѐ ставија во вкрстен оган. Се наредивме во квадрат кога стигна наредбата: „Штедете ги патроните“. Тие да пукаат, ние да се криеме. Кај го бидува тоа? Се спротиставив на таа одлука. Дотрча војводата и ме искара. Ми рече: „Ако имаш патрони, пукај тогаш. Ама кога ќе ти завршат, немој да си побарал од другите“. Видов, во право е човеков. Ги пребројувам патрониве: „Едно од мене, едно од мама, едно од бато, едно од дедо. Две од синчињата, пет од стрина, три од баба, четири од вујко и... Толку?“.

А арно ми велеше жената ми: „Пиперот ќе ни изгори од сонцето, ќе нема кој да го навади. Тутунот ќе се исуши“. Хеј, да останев дома, немаше да се најдам во ваква каша. Убаво ни го сварија чајот овие долу. Море и пиперот ќе го оберам и бостанот, така ми се чини.

Една група отиде накај Никодим, ама слушам и од таму ги подбрале. Ги пречекал изгледа и нив аскерот како нас овде горе, на врвов.

Ми дадоа три бомби. Сум имал долги раце, сум можел подалеку да фрлам. Ќе фрлам, оти да не фрлам. Ко ќе ги џитнам прудолу, в поле ќе ги закачам.

„Чувајте ги патроните“ вресна некој. А, бе, што-туку се дереш, сакав да му речам, ама нема фајде од тоа. Распрснати сме на сите страни, растрчани. Потоа наеднаш ќе залегнеме. Па пак ќе станаме и трчаме. Се испотив, жива вода се направив. Оној будалиот, подрипнува како

коњче... Потаму гледам двајца лежат. Отрчав кај нив и ги потклоцнувам:

„Ајдете бре, шутраци, не лежете како да сте ручале пред малку. Не е време за дремење, за битка е времето“. А тие не мрднуваат. Мајката, си велам, овие се несалам. Или сонцето ги има удрено или... Легнувам до нив и го вртам едниот. Во стомакот дупка. Тоа е Најдо Арсов од Папрадиште. Го познавам човекот. Го вртам другиот, а нему не му се познава лицето. Целото крвјосано. Го закачил прво еден куршум во устата – гледам сите заби му се искршени, а паѓајќи го закачил и вториот меѓу очите. Лицето му е обезличено и не можам да го познаам кој е. Се спасил барем, си велам, умрел набрзина.

Станувам и поднаведнувајќи се да не ме погоди некое оловце, си мислам за смртта. Главата ми ја полнат разни зборови од мртвите. Како да ми зборуваат. Ми раскажуваат приказни, а некои од нив и ми се смеат. Не сите, повеќето се тажни и намуртени, ама има и такви кои ми се смеат.

Качувајќи се наваму, се затскрив зад еден камен. Да земам малку душа. И стопанка му, пак мислам на смртта. Ама, за чудо, не се плашам. Не знам зошто, ама, ете, немам страв. Само од едно се плашам, да не паднам жив во рацете на аскерот. Да не ме ѕвизни некој куршум в ребра или во мевот, па да не испуштам душа, туку ни жив - ни мртов, така да го дочекам аскерот. Да земам бомба и да немам сила да ја откопчам. Или да не можам да се довлечкам до револверот и да ја дозавршам работата. Тоа ме плаши. Зошто, кога ќе дојде аскерот, сигурно нема да ме испратат кај горниот веднаш, туку малку ќе си поиграат со мене, ќе ми сецнат некој прст од раката, ќе ми стават сол на раната, ќе ме тркалаат наваму - натаму, а јас

ни жив - ни мртов само ќе го гледам синото небо и ќе го молам Бога што побргу да ме земе кај него.

Си мислам и на двете мои малечки синчиња. Мака ми е што ако паднам, нема татка да го видат за да ги научи како се пука со револвер. И нив комити да ги направам, на свадбите да им заиграм, на внучиња да се израдувам, на крштевките да им запеам.

И за жена ми е мака. Ќе остане црна вдовица... И за мајка ми е мака. Ќе жали по мене, пустата, до векот.

Мислам така јас, кога неколкумина ме повлекуваат за ракав:

„Ајде бре, шутрак, не лежи како да си ручал пред малку. Не е време за дремење, за битка е времето“.

Си велам: „А, бе, познато ми ова од негде“. Станувам и одам по нив.

„Ме чапна кучето“ слушам од лево.

„Оф, леле, мајко“ слушам од десно.

И гледам како паѓаат другариве и од лево и од десно.

Не ми е сеедно, ама и сеедно ми е. Гледам дека Турциве навистина сериозно си ја сфатиле работата.

Море стопанкин аскер, стопанкина пушка, стопанкини патрони. Со раце ќе се борам ако треба. Да де, така се борело. Тие со пушките и патроните, јас со раце. Не ја бидува работата, си велам и само се качувам нагоре. Уште пет-шеесетина метри има до зборното место. Ги гледам од овде, ене, залегнале повеќето од нив и стрелаат.

А, бре, еј... А, бре... не пукај! Јас сум! Немојте по мене да гаѓате!

Туку, и ова сакав да ви го кажам. Кога се собравме овдека на планинава, малку го потценивме аскерот. Или

самите се преценивме. Сепак, многумина бевме на почетокот. Ако решевме сите да се повлечиме што ќе речеше народот? „Еве ги овие зелникариве и кокошкариве, в село дојдоа зелници и кокошки да јадат, а кога дојде аскерот му ја спраштија вид – виделина“.

Не.

Ние сме револуционери. Јас сум револуционер. Јасна е нашата борба. Па и заклетва дадовме: „Ќе се бориме за слободата на Македонија“. И главите ќе ги дадеме ако треба. Сами го избравме тој пат, никој не нѐ натера со сила. И гиневме кога требаше да се гине.

Јас пак, преживеав во Мариово, преживеав во Поречието и Илинден го преживеав. Ако даде Господ и оттука ќе ја изнесам главата. Само што, вака тешко ми се гледа. Но, арно вика попон селски во Тројкрсти: „Не клони духом, чедо божје“. И: „Дури си жив, има надеж“.

*

Мачно е да гледаш како другарите паѓаат мртви еден по еден. Знам, тие не ја жалат својата смрт. Ама, жално е што нема да дочекаат старост, барем чеда да им се изродат. Ене ги тројцана подолу, ни мов немаат на лицето. Од цицка станале, што се вели и еве ги комити.

Се вртам влево: гледам како животот му излегува низ уста на Атанас Попов од Шестово. Уште влево: Најдо од Папрадишта не ја дочека ни дваесетката. Влево пак: Милан Петров од Топлица го губи здивот, а до него се свлекува и прилепчанецот Димко Јованов.

Вдесно: не го гледам кој е, но можам убаво да видам дека првиот куршум го погодува во левата рака кај подлактицата. Четникот најпрво офнува и како да сака да

продолжи да се туфка, но веднаш потоа го вади револверот со десната рака и се обидува да нишани кон аскерот кој забрзано му се приближува. Потоа, еден куршум само го лизнува на левиот образ, а овој веќе не му придава значење ни на тој куршум, ниту пак на оној по него кој му се забива во стапалото. Од опинокот прснува крв и се забележува како се шири една крвава дамка. „Легни“ му довикува некој и овој послушува токму во моментот кога во негова близина експлодирува бомба. Просторот околу него се зачадува, се замаглува, но во таа магла се познава силуетата на четникот кој повторно станува со кревата рака во која држи кама за да го пречека првиот војник од аскерот кој му се приближува. Но, по сè изгледа веќе нема сила непознатиов другар, па набрзина ќе биде кутнат од војникот кој му скокнува за борба, а потоа уште еден и уште еден. Готово е. Сега војничиве ја растргнуваат облеката на четникот, му ги соблекуваат чорапите и опинците, иако едниот опинок му е крвав, појасот му го земаат... Готово е.

И додека гледам што се случува со нашите, некој ме поттурнува по стоти пат овој ден.

„Мрдни малку“ крека налутено некој од војводите „си застанал како дрвена Марија. Како да чекаш некој да те кутне“.

Јас се свестувам по не знам кој пат и продолжувам со пукањето.

Ех...

Ги гледам луѓево како умираат и си велам: „Па добро, бе, мајката. Немаат ли овие дома, немаат ли куќи? Немаат ли жени и деца што ги оставиле и дошле овде да си ги дадат главите? Па добро, бе мајката, зошто заминале од дома, дали не им се живеело или пак нешто друго?“.

Уште од изутрина кога почна битката, главата ми е полна со овие прашања.

*

Аскерот полека настапува нагоре. Според кажувањата на војводите околу три илјади. Ние? Десет пати помалку. И повеќе од десет пати.

Кога некни ме праша постариот, за значењето на животот, за малку што не му ја плеснав една. Му реков: „Тоа ли ве учат даскалите денес? Да си ги трескате главите со разни филозофии? Марш в пондила, стопанкин еден, да не ти ги исечам ушите и тебе и на даскалот што ви пика такви глупавшини во тоа тиквите зелени“.

Е, ама сега ми е жал. Уште пожал ќе ми беше ако го чукнев троа. Можев барем да му кажам дека не било секогаш да се живее сто и една, туку како ќе се живеат педесетте. Можев да му кажам дека животот бара земање, ама и давање. Дека не секогаш доброто победува, ама дека сепак треба да се бори за него. Дека, еве, татко му е революционер и дека заминал во планина не за да јаде кокошки и зелници, туку да се бори за слободата на татковината. Тоа требаше да му го кажам.

Дрво недоделкано сум јас. Ете, тоа сум.

Како добар татко, можев да го гушнам синот и да му речам: „Бравос, бе, сине, што си ги отворил очите уште сега и гледаш надалеку. Што покрај неписмен татко, успеа да изучиш книга“.

А што направив јас? Ќе му ја вдадев една по тиква, ѕвездите ќе ги броеше три дена.

Еве, на пример, можев да му кажам дека не е важно што ќе умреш, туку дека е важно како ќе умреш. И

уште како пример да му го дадам она што досега го видов. Како Мице опколен од сите страни, гледајќи дека нема излез, ја зема пушката ја удира од камен и ја крши, за да не им ја остави на непријателите и да му ја земат, па брзо-брзо, пред да го зграпчат веќе десетината подадени раце од аскерот, зема една бомба, ја откопчува и легнува над неа. Бомбата експлодирува сосе него и со неколкумина војници. Шика крв на сите страни, летаат парчиња месо, но Мицко и во смртта е јунак и отепува и ранува повеќемина војници.

Да го знаев ова некни, ова ќе му го кажев на постариот мој син.

А! И ова.

Ќе му кажев на синот, не дека е многу постар од помалиот, две години се разлика, дека слободата е најважна во животот на еден човек. Дека за слободата вреди да се живее, но и да се умре, ако треба.

*

Кога разбрав дека Петре Ацев дошол да нè види, срцево ми заигра. Првпат кога тргнав со четава моја, Ацев ми даде благослов да истраам во борбата против душманите. Заминав во планина, но кога можев праќав абер до моите дома да не ме мислат, да им кажам дека сум жив, дека не сум ги заборавил.

После, ги извикавме ќаите во Беловодица и Долнени и ги отепавме. Секула од Најдовци прв му го сврте анџарот на едниот. Тој, пак, ниту писна ниту зборче да кажеше. Само кркна како заклан петел, падна, ја крена правта од земјата и толку.

Со вториот се најдовме во мака. Појдовме во Долнени двајцата со Секула преправени како аргати и го

побаравме Сулејман од Ропотово. Тој конакуваше во Долнени, како втор дом му беше селово. Излезе на порта:

„Не вар, не јок“, ни вели, демек, што е работава, што има ново.

Ние го гледаме со Секула. Голем човек, бабаит.

„За арно сме дојдени, ќаја, ама од мака. Копите ни изгореа, па мислевме да ти побараме по три лири секој, за два месеци ќе ти ги вратиме. И уште ова: ако ти требаат аргати за в поле, сакаме да поможиме“ му велам јас.

„А, овој керата“ покажува кон Секула „ќе работи ли и тој“.

„Да, бегу“ одговара Секула „како не ќе сум работел? Сал’ на работа мислам, од утро до вечер“.

„Ајде влезете“ ни вели Сулејман и ние влегуваме. Дворот широк колку пола поле прилепско. А празен. Ние се погледнуваме со Секула. Што е работава? Никој да не се најди дома во толкава куќа? А да го стуткаме тука и да му се мушниме од задното вратниче без да нѐ видат?

Ќајава како да ни ги разбира погледиве, ама не докрај. Вели:

„Аргатите се на работа, а анамата е в куќи, затоа нема никој“.

Аха, штом е таква работата. Секула ја вади ортомата, а јас му приоѓам на ќајава. Тој се збунува за момент, а јас тоа го користам и му ја давам една преку очи. Тој се затетеравува, а јас уште еднаш го удирам по муцки. Тој паѓа, а јас му ја земам ортомата од Секула и сакам да го врзам. Зорлем, тешко е да го врзиш.

Нејсе.

Го кладовме во пондилата врзан. ’Ржи, се заканува, урла. Ама никој нема да го слушни. Секула ме погледнува како да сака да ми каже дека треба јас овојпат

да ја завршам работата. Хм. Тешка е таа работа некому да му го земеш животот. Секула ми тутнува в раце едно секирче и излегува. Јас стојам пред Сулејман, а тој веќе знае што го чека. Моли, коли, викај... Тешка работа, кога ви велам, ама вие не верувате оти е тешко пред вас да има човек кому треба да му ја земете главата. Ќе ве јаде совеста, ќе ве пече. Ами како...

Ај, мајката, си велам, а бе, не знаев дека олку ќе се мислам дали да го смачкам Сулејман ќајата. Мислев, надве - натри, оп, толку. А сега?

Туку, еве го Секула: „Уште не си готов? Ајде, ќе се вратат аргатите, ќе нè фатат живи“. Пак излегува.

Се вртам кој ќајата и го гледам. Па тоа е оној крвникот што на Петревци им ја граби ќерката и насила ја потурчи. Му приоѓам, а тој мрда ли мрда. Еднаш го мавнав. И толку. Доста беше.

*

И дури сега гледам како му било на Сулејмана. Сардисани сме од сите страни. Како да ни ги врзале рацете. Исто како што јас му ги врзав нему рацете. А без раце, не можеш да се браниш.

Слушам и од онаму пукаат. Ех, пукаат.

Ние, овде на „Ножот“ како навистина да нè ставиле на нож. Аскерот може да нè види од сите страни. И нè гледа. Ние се разместуваме, фаќаме позиции, тактички се подредуваме ама ништо не ни помага. Како глувци нè тепаат. Додуша, ние три - тие еден, ама ние сме седумдесетина останати, тие се три илјади. Три илјади аскер и уште не нè навјасал. Ехехеј, сила имаме. Секој од нас еден, срце за двајца.

Еве го сега и Енвер беј. Вика по нас. Да се предадеме.

Какво предавање! Никој од нас нема да се предаде. Никој нема да ја фрли пушката и да отиде кај бегот да моли за прошка. Нема предавање. А знам, нема ни милост.

Ако!

Тој што тргнал по овие патишта, одамна ја клал главата в торба. Против душманите дојдовме да се бориме. И од исток и од север. И од југ. И од запад кога ќе дојдат, ние ќе се бориме. Зошто ова е наше парче земја. За неа гинеле пред нас многумина, за неа и ние ќе загинеме ако треба.

Вика оној. Предајте се, да, предајте се. Султанот ќе имал милост.

Нема милост за нас, бегу! Скриј се таму, да нѐ те ѕвизни некое оловце. Чувај си го гласот, не се предаваме.

А сонцево, пече ли пече. Отприлика ќе да е околу четири часот, пладне.

Слушај...

Од источнана падина на „Ножот“ викаат. нашите се. Бараат помош. Еј... Луѓе... Ги истепаа... Сите ги истепаа под чуката.

А еве ги и овие пред нас. Енвер беј за напад гледам ја избира источната падина. Таму може лесно да се искачи, а ние не поставивме набљудувач. Згреши четата што не постави никој на таа страна. А итар е тој, никаквецот. И од север се подготвува да нападне. Ене, аскерот се пробива меѓу спилите и ги опколува останатите четници.

Сега знам што ќе се случи. Веќе сѐ ми е јасно како ден.

Да ви кажам? Ќе ви кажам, оти да не.

Најпрво, војводите и четниците ќе се изненадат кога ќе го забележат непријателот како ги напаѓа в тил. Ама тоа кратко ќе им трае. Потоа, откако ќе се соземат, ќе ја видат смртта како им се приближува. Лека - полека. Ќе се подготват да последната битка што ги очекува. Свесни се дека ќе умрат, па решени се барем да умрат како херои. Ќе се распоредат во линија. Кога аскерот ќе тргне во решавачкиот напад, тие ќе удрат по него со сите сили. Ќе фрлаат бомби. Ќе стрелаат со пушките и револверите. Нема веќе што да штедат. Некои ќе ги извадат и камите и ќе ги стават в уста, за случај некој од турските војници да стигне до нив. И кога ќе почнат да ги потискаат и ќе нема излез, четниците заедно со војводите ќе започнат да ги кршат пушките за да не ги приграби аскерот. Ќе започнат да ги јадат писмата што можат да им наштетат на живите. Ќе уништат сè вредно што имаат покрај себе. Ништо нема да му остават на непријателот. Тогаш, ќе бидат подготвени за смртта. Кога аскерот ќе им се приближи на педесетина метри, тие брзо ќе си ги стават револверите под брадите или на слепоочниците и уште побрзо ќе ги повлечат чкрапалата. Без да се мислат. Без да се премислуваат. Без да жалат за младоста. Без да тагуваат, бидејќи решени се да загинат како херои. А хероите умираат без жалби. Без лелек. Едноставно, потегнуваат по чкрапалото и за нив во тој миг завршува сè.

Што ќе се случи потоа?

Ќе ви кажам и за потоа.

Тогаш, оние на кои не им останало куршум, ќе земат бомба и ќе легнат врз неа. Парчиња месо ќе летнат во воздухот, а цревата ќе им се растурат насекаде.

Кога аскерот на чело со Енвер беј ќе пристигне на падината, сè ќе биде тивко. Ќе има само мртви тела, со убави лица на кои сè уште ќе може да им се прочита младоста на нивните образи.

Ќе пристигне и италијанскиот офицер Луци кој ќе ги фотографира мртвите. Некои облечени, некои голи, расоблечени од аскерот кој ќе им ги украде алиштата и чизмите. И опинците. Енвер беј ќе биде вџашен. Ќе нареди: „Никој не смее да ги допира и осквернува хероите... Гледате ли, како комитите ја презираат смртта!... Се бијат и умираат како херои“. Ќе нареди да се истрелаат три почесни плотуни во воздух во чест на храбрите борци, а војниците ќе се чудат на јунаштвото на луѓето кои сами ќе си ги одземат животите: „Аллах! Аллах!“.

Ете, тоа ќе се случи.

Кога ќе ги пребројат жртвите, ќе откријат дека горе на самиот врв, загинале четириесет и четири револуционери. Ќе им недостига уште еден.

Јас!

Затоа, време е да тргнам. Гледам, моите другари ги опколуваат од кај спилите. Не сакам да ги оставам сам. Треба да одам и да им помогнам во борбата. Треба да одам и да загинам со нив, зошто знам, тоа е мојата судбина. Треба да одам и да ја пречекам смртта.

Ела, смрт, дојди. Подготвен сум за тебе.

А вие... Збогум. Не сакам другарите да умрат без мене.

Одам сега. Одам да загинам. А кога ќе дојде време, спомнете си за нас, за борците од „Ножот“.

А сега, ајде, останете со здравје.

(Четникот се загледува во далечина, ја зема пушката во двете раце и ја погледнува. Потоа, бавно ја крева главата и со нагло свртување истрчува од сцената).